MACEDONIAN

## Бесплатно рендгенско снимање на дојките

# Раното откривање е најдобрата заштита

(Early detection is your best protection)

*Жените на возраст од 50 до 69 години треба да се снимаат на секои две години*

## Зошто е добро да се врши снимање на дојките?

Најдобро е ракот на дојките да се лечи кога сѐуште е мал. Можно е да поминат години пред вие или вашиот лекар да забележете дека нешто не е во ред. Рендгенското снимање на дојките (така наречено мамограм) може рано да ги открие проблемите. Снимањето на дојките не може да спречи да се добие рак, но тоа може да ви даде подобра шанса за успешно лекување.

## Дали постои ризик за мене?

Во Нов Јужен Велс кај 1 на 11 жени постои ризик да добие рак на дојките во текот на нејзиниот живот. Најголемиот ризик за добивање рак на дојките е да се биде жена и да се биде на возраст преку 50 години.

## Што се случува кога ќе отидам на снимање на дојките во центарот (Breast Screen NSW)?

Секретарката ќе ве поздрави, и замоли да пополните формулар а потоа ќе ве одведе до слекувална каде треба да се соблечете до половина. Радиографскиот техничар ќе го изврши снимањето. Секоја дојка се мести внимателно на апаратот за снимање и се снима. Двајца лекари специјалисти ќе ги разгледаат снимките.

## Како изгледа снимањето на дојките?

Некои жени може ќе се чувствуваат неудобно но важно е дојката да биде стегната при снимањето кое трае само неколку секунди, за да се направи појасна снимка. Многу жени велат дека корисноста од снимањето далеку го надминува чувството на неудобност.

## Колку е безбедно снимањето на дојките?

Има многу мала доза на зрачење при снимањето. Испитувањата покажуваат дека предноста од снимањето далеку ги надминува ризиците од зрачење. Предноста е во тоа што ако ракот на дојките се открие рано постојат повеќе можности за лекување и поголема шанса да се преживее.

## Дали снимањето на дојките е бесплатно?

Снимање на дојките во НЈВ е финансирано од Владата со цел да се обезбеди бесплатен мамограм на секои 2 години за жени на возраст од 50 до 69 години. Снимањето на дојките во НЈВ е дел од националната програма која обезбедува високо квалитетно снимање на дојките.

За жени на возраст од 40 до 49 и 70 и над 70 години снимањето е бесплатно со упат во еден од центрите за снимање на дојки во НЈВ. За жени под 40 години не се врши снимање во овие центри.

## Што ако имам проблеми со дојките?

Ако имате некакви проблеми со дојките како на пример: грутче, болка или истекување од брадавиците, мора да отидете кај вашиот лекар пред да закажете снимање на дојките.

## Што друго можам да сторам?

Со снимањето на дојките се откриваат повеќето но не сите видови рак на дојки.

Затоа:

- Вршете снимање на дојките секои две години ако сте на возраст меѓу 50 и 69 години.
- Еднаш годишно прегледајте се кај вашиот доктор или кај медицинската сестра за женско здравје.
- Веднаш посетете го вашиот лекар доколку забележете некакви промени во вашите дојки како: грутче, болка или истекување од брадавиците иако резултатот од снимањето бил нормален.

## Како можам да закажам снимање?

Јавете се на 13 20 50 за да закажете бесплатно снимање во најблискиот центар за снимање на дојки во НЈВ. (BreastScreen NSW)

Сторете го ова сега. Го очекуваме вашиот повик

Има центри за снимање во повеќе од 200 места во Нов Јужен Велс.

За закажување и информации јавете се на телефон:

**13 20 50**

(по цена на еден локален повик)

Ако ви треба преведувач јавете се на:

**13 14 50**

За повеќе информации за Рендгенско снимање на дојките во НЈВ проверете на:

**www.bsnsw.org.au**

**BreastScreen NSW** – *Free Breast Screening*